**Одлука бр.7**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна седница одржана на ден 19.12.2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**определување на висината на надоместокот за тренери**
**кои водат репрезентации на меѓународни турнири во 2023 година, за тренери кои работат со играчите за време на официјалните тренинг кампови**

**Член 1**

Тренерите кои ќе ги водат репрезентациите на меѓународните турнири во 2023 година ќе добијат надоместок (дневно) од:

| ТУРНИРИ | Тренер Ниво 1 | Тренер Ниво 2 | Тренер Ниво 3 |
|---|---|---|---|
| | EUR | EUR | EUR |
| - ITF/TE Development Championship do 14 g. (Источно Европско)<br>- ITF/Tennis Europe Training Camp до 12 г. (Тренинг Камп до 12 години)<br>- Европско 14, 16 и 18 год.<br>- ITF/TE Тренинг кампови<br>- Балканијада<br>- Сите останати репрезентативни настапи освен Davis Cup и Fed Cup | 40 | 50 | 60 |
| Davis Cup и Fed Cup капитен | 100 | | |
| Davis Cup и Fed Cup асистент на капитен | 60 | | |

**Член 2**

Тениските и кондиционите тренери кои ќе работат со играчите за време на официјалните тренинг кампови во 2023 година ќе добијат надоместок (дневно) од:

| Настани | Надомест за тренер или кондиционен тренер |
|---|---|
| | EUR |
| Тренинг кампови за подготовка на јуниорки репрезентативни настапи (надомест за главен тренер за 4 саати тренинг) | 50 |
| Тренинг кампови за подготовка пред јуниорки репрезентативни настапи (надомест за асистент тренер за 4 саати тренинг) | 25 |
| Тренинг кампови за подготовка пред Davis Cup и Fed Cup (надомест за каптен за 4 саати тренинг) | 50 |
| Тренинг кампови за подготовка пред Davis Cup и Fed Cup (надомест за асистент каптен за 4 саати тренинг) | 25 |
| Континуиран тренажен процес за репрезентативци | 25 |
| Кондиционен тренер | 20 |

**Член 3**

Сите горенаведени суми (во денарска противредност), се бруто исплати што треба да се исплатат кон тренерите.

**Член 4**

За тренерите кои водат репрезентации, ТФСМ е должна да обезбеди: Превоз до местото на одржување на турнирот и локално клуб-хотел-клуб, храна, сместување и финансиска надокнада на евентуална промена на карта за порано или покасно враќање.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува на натпреварувачката 2023 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2022 година